***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 11.12.2024 година***

Седницата се одржа во кабинетот на градоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присутни беа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски,  Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Марина Димитријовска и Валентин Несторовски,  а отсутни беа советниците Филип Ангелевски, Данила Давидевска и Јасмина Јовановска.  На седницата присутни претставници од општината беа  Марина Поповска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На  седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присусво од осум советници, а потоа ја образложи потребата за свикување на вонредна седница, заради измена на средства во некои ставки, се однесуваат кај програмите на основните и средното училиште, за да можат истите да се реализираат до крајот на календарската година. Предложениот Дневен ред беше усвоен со 8 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Измена на распоредот на средствата се однесува за програмата за основните училишта се крати кај ставките за плата и придонеси од плата каде има планирано повеќе средства, а се зголемува кај ставките за дрва, наставно образовни помагала и други материјали, додека кај програмата од средното образование се крати кај ставки каде има повеќе планирано, а се додава кај персонален данок и електрична енергија. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Предлози и парашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-  11186/4
26.12 .2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.